Со објавување информации на проактивна основа, Општина Прилеп ќе остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ќе помага за поодговорно трошење на јавните пари;
- ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет и
- институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подобро ќе управува со информациите со коишто располага.

1. Активната транспаретност подразбира едноставен и брз **пристап до информации** од Општина Прилеп:

- на веб-страницата да има посебен оддел за пристап до информации,
- на веб-страницата да има објавена листа на информации со кои располага институцијата;
- да се објавуваат прописи кои се однесуваат на надлежноста на Општината како имател на информации;
- да се објавуваат предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на Општината;
- Општината да објавува информации за своите надлежности;
- да е објавен Статутот на Општината.

2. Активната транспаретност подразбира **пристап до информации за надлежноста и за услугите на Општината**. Тоа значи објавување на:
- службени гласници на Општината;
- дневните редови за седниците на Советот на Општината;
- одлуките на Советот на Општината;
- услугите што ги дава Општината;
- организациската структура (шема, органограм) на Општината;
- имињата на вработените/раководителите (со контакти);
- решенија во управна постапка;
- информативен билтен или друг облик на информирање.

**3. Буџетска и финансиска транспарентност се постигнува со објавување на:**
- Буџетот на Општината;
- Информација за завршна сметка на Буџетот;
- квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;
- граѓански буџет;
- огласи за јавни набавки;
- тендерски документации за огласите;
- Годишен план за јавни набавки за претстојната година
- известувања за склучени договори од јавни набавки.

**4.** Активната транспаретност значи лесен и едноставен пристап до **информации за специфичните надлежности на општините,** што значи објавување информации за:

- работата на органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината;
- ГУП и ДУП-ови;
- урбанистичкото планирање (одобренија за градба);
- заштита на животната средина;
- локалниот економски развој;
- комуналните дејности;
- културата;
- спортот и рекреацијата;
- социјална заштита и заштита на деца;
- образованието;
- здравствената заштита;
- мерките за заштита и спасување на граѓаните;
- противпожарната заштита;
- надзорот над вршењето на работите од надлежност на Општината;
- стапката на данокот на имот што ја пропишува општината;
- надоместокот за уредување на градежно земјиште.

- Комуникацијата со јавноста што ќе ја спроведува Општина Прилеп е составен дел од сите активности на Општината;
- Процесот на комуникација е јасен и разбирлив;
- Комуникацијата е навремена;
- Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
- Информациите се вистинити и достапни до сите;
- Комуникацијата е двонасочна меѓу Општината и сите целни групи

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на општина Прилеп како општа јавност, и сите сегментирани јавности: медиумите, институциите, НВО-ата и останатите заинтересирани страни:

-Транспаретно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на Општина Прилеп

- Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација. За таа цел се

неопходни неколку активности кои ќе бидат финансирани од Буџетот на Општината.

1. -Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)

2. -Унапредување на соработката со медиумите, преку закуп на медиумски простор за промоција на активностите, поради подобрување на рејтингот и транспарентноста на Општината

3. -Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)

4- Мерење и анализа на перцепцијата за работата на Општината и градоначалникот како институција

5.Издавање на општински билтен „Прилеп денес“

6.Снимање емисија „Прилеп во фокусот“ преку видео прилози

6. (Дневно ажурирање на веб страницата на Општината www.prilep.gov.mk

7. Соработка со информативна агенција и медиуми на локално ниво, за најавување настани значајни за Општина Прилеп

8. Сервисирање на видео и фото опрема

9. Набавка на компјутер (лап топ ако може) за монтажа на видео материјал

**II. Проектни активности**

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| **1.** | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно со одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик, различен од македонскиот.<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на општина Прилеп, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните на Прилеп. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, |

| | |
|---|---|
| | квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги. |
| **Целна група:** | Граѓаните на Прилеп, инвеститори, медиуми, ученици и спортисти |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **300.000 денари**<br><br>Општина Прилеп |
| **Трошоци:** | - За огласување по сите основи |

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| **2.** | **- Обезбедување транспарентност на работата на општинските активности и нивна промоција преку закуп на медиумски простор** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во континуитет или периодично, Општината има потреба од присуство на медиумите (традиционални и нови) со промоција на свои активности, кампањи и сл. Покрај медиумското следење на настаните од страна на медиумите, согласно нивната независна уредувачка политика, Општината има потреба и од пласирање на свои ПР продукти: промотивни видео спотови, банери на интернет портали или пласирање на свои кампањи кои одат на комерцијална основа во медиумскиот простор. |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Низ промоција на своите активности преку повеќе канали на комуникација, меѓу кои печатените и електронските медиуми, Општината ќе добие поголема видливост пред граѓаните.<br>✓ Ќе се зголеми позитивната перцепција за одредени настани кои се поважни за локалната власт ( информираност за средбите со Граѓанскиот парламент, работата на ЛЕР со невладиниот сектор, средби по урбани единици, поединечни средби со граѓани ...).<br>✓ Ќе го прошири достапот до поголема и поразноврсна публика по возраст, образование, по родова припадност и сл. |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Зголемен рејтинг на локалната самоуправа и начинот на водење на политиките,<br>✓ Поголема партиципативност на граѓаните во предлози и идеи<br>✓ Двонасочна комуникација (посебно преку интернет порталите) |
| **Целна група:** | Медиуми, граѓански организации, граѓани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **600.000,00 денари**<br><br>Општина Прилеп |
| **Трошоци:** | |

| **3.** | **-Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината има потреба од темелно и контролирано следење на медиумската перцепција и начинот на известување на традиционалните и електронските медиуми за активностите и работењето на локалната власт преку некоја big data платформа. Најчесто користена и најпристапна е press clippingot, која ја изработуваат специјализирани аутсорсинг компании |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Добивање на правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската перцепција за работата |

| | |
|---|---|
| | на Општината, Советот и градоначалникот<br>✓ Креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови<br>✓ Добивање на реална слика и насочување на комуникациите кон највлијателните (opinion maker-i)креатори на мислење во јавноста |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Брзо и правилно насочување на комуникациите<br>✓ Промени во комуникациите во „од“<br>✓ Подобрена слика и медиумска перцепција за Општината и индиректно на општата јавност |
| **Целна група:** | Медиуми,граѓани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **650.000,00 денари**<br>Општина Прилеп |
| **Трошоци:** | - |

| **4.** | **-Мерење и анализа на перцепцијата за работата на Општината и градоначалникот како институција** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Општината периодично спроведува онлајн и офлајн анкети, поточно анкети за сондажа на мислење на граѓаните или други целни јавности, за работата на администрацијата, квалитетот на услугите, за плановите во сферата на урбанизмот, за квалитетот на образование, за животната средина. Понекогаш тие ги изработуваат стручни државни службеници од општинската администрација (ИТ експерти, ПР одделение или Секторот за развој).<br>-За постручни и подлабински анализи е потребно периодично ангажирање на специјализирани агенции за испитување на јавното мислење, преку теренски анкети, фокус групи, интервјуа и сл. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Целта е Општината да ги искористи сознанијата од анкетите за да го насочи или подобри работењето во одредени сегменти.<br>- Анкетите обезбедуваат реална слика и партиципативност на целните публики во креирање на плановите и стратегиите на локалната самоуправа<br>- Подобрување во сите сфери на работење |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Подобрување на општинските политики и нивно усогласување со граѓанските приоритети.<br>✓ Поголема партиципативност на граѓаните во носењето одлуки преку граѓански форуми и сл.<br>✓ Пообјективни сознанија за задоволството на граѓаните од работата и услугите на општинската администрација |
| **Целна група:** | Граѓаните на Прилеп, општата и сегментирана јавност |
| **Реализатор:** | Аутсорсинг компанија избрана на тендер |
| **Трошоци** | **300.000,00 денари** |

| **5.** | **Издавање на општинско гласило „Прилеп денес“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината еднаш до два пати годишно да издава општинско информативно гласило „Прилеп денес“ кое што бесплатно ќе се доставува во 20.000 примероци, преку урбаните и месните заедници до сите семејства во Прилеп. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Целта е информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум. |

| | |
|---|---|
| | - Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Прилеп да постигнеме и парципативност на граѓаните (посебно младата популација преку постигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата)<br>Ја зголемуваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Општината |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Позитивен одиум кај сите целни публики<br>✓ Поголема транспарентност за работата<br>✓ Зголемување на рејтингот на локалната самоуправа, но и вклученост на граѓаните во креирање на севкупниот имиџ<br>✓ Информираност и транспарентност за работењето |
| **Целна група:** | Сите граѓани, од училишна возраст до трето доба |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **300.000,00 денари**<br>Општина Прилеп |
| **Трошоци:** | -Печатење на гласилото „Прилеп денес" |

| **6.** | **-Снимање емисија „Прилеп во фокусот„ преку видео прилози** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината „поседува" тим од телевизиски новинари, камерман и монтажер кои активно ги следат сите настани во Општината. За таа цел изготвуваат видео прилози кои се ставаат на you tube каналот на Општина Прилеп. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта од креирање на сопствени видео прилози е првенствено информативна. Видео записите и општинскиот јутјуб канал од комуникациски аспект има посилна моќ и пристапност до публиката/граѓаните.<br>Поголемата гледаност и автентичен приказ од случувањата ја зголемува и афирмацијата на работата на локалната самоуправа. |
| **Очекувани резултати:** | Поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат со нивните средства како алиментатори на општинскиот буџет. |
| **Целна група:** | Општата јавност и сите граѓани на Прилеп, од сите возрасти. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | Нема дополнителни трошоци за Буџетот, затоа што тимот е ангажиран со привремено вработување и се емитува на бесплатен канал. |
| **Трошоци:** | **Нема** |

| **7.** | **Дневно ажурирање на веб страницата** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | ✓ Дневно ажурирање на веб страницата на Општината |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поголема транспарентност на Општината пред граѓаните и еден од најчестите канали на комуникација со општата јавност<br>✓ Достапност до клучни информации од интерес за секојдневното живеење на граѓаните на Прилеп<br>✓ Достапност до обрасци и документи потребни за добивање на услуги од Општината<br>✓ Поголема видливост на општината и транспарентност пред сите засегнати страни |
| **Очекувани резултати:** | ✓ Општината ќе оствари подобра и поквалитетна комуникација со сите корисници на интернет просторот кои се непосредно заинтересирани за работата на локалната администрација |

| | |
|---|---|
| | ✓ Побрза достапност до клучни документи, огласи, обрасци за апликација и сл.<br>✓ Посовремена и пофункционална веб страница |
| **Целна група:** | Сите граѓани и заинтересирани јавности |
| **Реализатор:** | Вработени во Општина Прилеп |
| **Трошоци** | **Нема дополнителни трошоци затоа што тимот ангажиран со привремени вработувања работи на реализација на овој сегмент** |

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| **8.** | **Соработка со информативна агенција и локални гласила за најавување настани значајни за Општина Прилеп** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината има потреба од соработка со информативна агенција и локални гласила како најбрз и сеопфатен информатор на јавноста |
| **Стратешки насоки и цели:** | Благовремено известување на јавноста |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување и благовремено најавување на општинските настани |
| **Целна група:** | Граѓани, медиуми, НВО, институции |
| **Реализатор:** | Специјализирана информативна агенција и локални медиуми |
| **Предвидена финансиска рамка :** | **100.000,00 денари** |

| **9.** | **Сервисирање на видео и фотоопрема** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Прилеп се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи, во месечниот магазин , како и до сите медиуми |
| **Стратешки насоки и цели:** | |
| **Очекувани резултати:** | - |
| **Целна група:** | |
| **Реализатор:** | Општина Прилеп |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **80.000,00 денари** |
| **Трошоци:** | Поправка на камера и фотоапарат |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:**

**III. Финансирање**

За активностите од областа што ги опф

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од е предвидено со Буџетот на Општина Прилеп за 2019 година. Согласно со потребите што ќе се појават во текот на 2019 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп.

**IV. Завршни одредби**

Одделението за односи со јавност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број 09-4626/23<br>26.12.2018 година<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Совет на Општина Прилеп<br>Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Прилеп, за 2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-4628/23 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 26.12.2018 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 ), Советот на Општина Прилеп на седница одржана на ден 26.12.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

**Општ дел**

Согласно со законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 ), градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со Законот за градежно земјиште.

Работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија согласно со законот за градежно земјиште, Општина Прилеп ги врши согласно изготвена и донесена Програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежното земјиште во смисла на овој закон е изградено и неизградено, планирано со актите предвидени со Законот за просторното и урбанистичко планирање.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежна парцела е дел од градежно земјиште чиишто граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација или проект за инфраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање. Градежната парцела може да се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови на катастарски парцели.

Уредено градежно земјиште е земјиште на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела на јавен пат, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежната парцела.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно - демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот до реализацијата на урбанистичкиот план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај) подземна или надземна инсталации (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства со сите нивни придружни инсталации предвидени со проект за инфраструктура.

***Право на градежното земјиште сопственост на Република Македонија***

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под неа, ако со законот за градежно земјиште или друг закон поинаку не е определено.

Градежното земјиште во сопственост на Република Македонија општината може да го отуѓи, да го даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да го разменува, да основа право на стварна службеност, да спроведе постапка за концесија и јавно приватно партнерство по претходна согласност на Владата на Република Македонија и на него да се востановат други стварни права, како и да спроведува постапки за стекнување на право на сопственост пренесено од поранешен сопственик на начин и под услови утврдени со Законот за градежно земјиште.

***Начин и постапка за управување со градежното земјиште***

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи и да се дава под долготраен закуп и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба доколку со урбанистички план или урбанистичко планска документација на градежната парцела не се предвидува изградба на градби од јавен интерес утврден со закон.

На градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се заснова право на стварна службеност со непосредна спогодба во согласност со законот за градежно земјиште и законот за сопственост и други стварни права.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес од локално значење утврдени со закон може да се разменува со градежно земјиште во сопственост на физички и правни лица. Потребата за размена на земјиштето за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење утврдени со закон го утврдува советот на општината. Барањето за согласност до Владата на Република Македонија се доставува заедно со одлуката од советот, предлог на спогодбата за размена и добиено позитивно мислење од Државното правобранителство.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија наменето за изградба на инфраструктурни градби утврдени со законот за градење се дава под долготраен закуп, се заснова право на службеност или се дава право на трајно користење на истото врз основа на проект за инфраструктура.

На градежното земјиште во заштитен појас на патиштата можат да се поставуваат подземни инфраструктурни градби со засновање на право на стварна службеност согласно со законот за градежно земјиште врз основа на проект за инфраструктура и на истото може да се постават и други подземни инфраструктурни објекти.

Врз основа на правото на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Македонија општината може да спроведе постапка за концесија или јавно приватно партнерство по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

На градежното изградено земјиште може да се постави урбана опрема под услови и начин утврдени со законот за градење и законот за локална самоуправа.

***Комисија за спроведување постапка за јавно наддавање***

Постапката за јавно наддавање ја спроведува комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање формирана од Градоначалникот на Општина Прилеп.

***Предмет на оттуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба***

Предмет на оттуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба е градежно земјиште за:

- Оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичко планска документација.
- На сопствениците на објекти или посебни делови од објекти запишани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште.
- На сопствениците на објекти или посебни делови од објекти запишани во јавната книга на недвижности на градежно земјиште на кое имаат засновано долготраен закуп.
- На сопствениците на објекти или посебни делови од објекти за кое е донесено решение за утврдување на правен статус согласно со законот за постапување со бесправно изградени објекти или законот за заклучување на стечајни постапки отворени согласно со законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и законот за стечај врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности.

Со непосредна спогодба градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се даде под долготраен закуп за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон по претходна одлука на Влада на Република македонија.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се даде под краткотраен закуп за изградба со непосредна спогодба заради организирање на градилиште врз основа на проект за подготвителни работи согласно со законот за градење.

***Стварна службеност***

Засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија се врши по поднесено барање од лицето кое е носител на правото на градење на објект од јавен интерес утврден со закон

***Посебен случај на стакнување на право на сопственост на градежно земјиште***

На лицето кое користи градежно земјиште пренесено од поранешен сопственик како и на неговите наследници му се признава правото на сопственост ако истото го користи врз основа на договор за купопродажба склушен со поранешен сопственик повеќе од 20 години од денот на склучување на договорот

***Предмет на оттуѓуваењ на градежно земјиште со јавно наддавање***

Со оваа Програма се предвидува оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежни парцели кои се наоѓаат во опфатот на следните детални урбанистички планови:

1. **ДУП за УЕ 11, УБ 11.04 и 11.05, донесен со одлука бр. 07-1045/13 од 27.04.2012г**
2. **ДУП за УЕ8, УБ 8.02, плански опфат "1" донесен со одлука бр. 07-1244/11 од 18.06.2014г.**

***Основи за изработка на Програмата***

- **Законски основ**
  Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16,)
  Статут на Општина Прилеп, член 14 од Службен Гласник бр. 6/2003 и 4/2005

- **Основни плански документи**

1. **ДУП за УЕ 11, УБ 11.04 и 11.05, донесен со одлука бр. 07-1045/13 од 27.04.2012г**
2. **ДУП за УЕ8, УБ 8.02, плански опфат "1" донесен со одлука бр. 07-1244/11 од 18.06.2014г.**

***Цели на Програмата***

Цел на програмата е овозможување на услови за социо-економски развој на општината, преку обезбедување просторни услови за развој.

Заинтересираните правни и физички лица преку реализација на донесените урбанистички планови може да ги остварат своите права врз градежното земјиште согласно со законот за градежно земјиште и оваа програма со што ќе придонесат за развојот на општината на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица а со тоа и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

***Динамика на реализација на Програмата***

Програмата за 2019г. се планира да се реализира во два дела. Првиот дел би го опфатил првата половина од 2019г. во кој период би се ставиле за отуѓување по пат на јавно наддавање сите парцели кои што се опфатени во оваа програма. Вториот дел би го опфатил периодот после донесувањето на новите планови кои што се очекува да се усвојат за неколку месеции со кои би се дополнила програмата, а би ги опфатил парцелите кои што ќе се формираат со нив.

***Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата***

Висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за оттуѓување, давање под закуп и засновање на право на стварна службеностсе пропишани со Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност (Службен весник на РМ број 163/16, 190/17 и 201/18).

Размената се врши врз основа на пазарна цена на градежното земјиште во зависност од зоната местоположбата и степенот на уреденоста на градежното земјиште кое се разменува согласно со методологијата за проценка на недвижен имот.

Финансискиот прилив по основ на располагање со градежно земјиште по пат на непосредна спогодба не може да се предвиди бидејќи истиот е условен од тоа колку ќе има интерес од правни и физички лица да го остварат тоа право.

Се очекува прилив на средства од постапки на оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање:

- од продажба на парцели за индивидуално домување – 100.000,00 ден
- од продажба на парцели за колективно домување – 5.000.000 ден

***Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата***

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од проценети средства потребни за огласување на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште без нивно рекламирање кои што ќе изнесуваат 250.000,00ден.

***Преодни и завршни одредби***

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Прилеп.
- Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

| Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела (м2) | Намена на земјиштето (основна класа) | **Намена на земјиштето (опис)** | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | Површина за градба (м2) | Бруто развиена површина (м2) | процент на изграденост | коефициент на искористеност на | максимално дозволена висина (м1) | катност | Почетна/ утврдена цена по метар квадратен | Вкупна почетна/ утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДУП за УАЕ13.01-дел, плански опфат А, донесен со одлука бр. 07-466/7 од 22.02.2012г.** | | | | | | | | | | | | |
| **1** | 2449 | А2 | Колективно домување | 986/4 | 1248,00 | 13728,00 | 51% | 5,61 | / | П+9+Пк | 1380,00 | 3379620,00 |
| **ДУП за УЕ 11, УБ 11.04 и 11.05, донесен со одлука бр. 07-1045/13 од 27.04.2012г** | | | | | | | | | | | | |
| **75** | 442 | А1 | домување во семејни куќи | 1507/32 | 160 | 640,00 | 36% | 1,45 | 10,2 | П+2+Пк | 61,00 | 27.023,00 |
| **77** | 442 | А1 | домување во семејни куќи | 1507/34 | 162 | 648,00 | 37% | 1.47 | 10,2 | П+2+Пк | 61,00 | 27.023,00 |
| **86** | 371 | А1 | домување во семејни куќи | 1507/11 | 153 | 612,00 | 41% | 1,65 | 10,2 | П+2+Пк | 61,00 | 22.631,00 |

| | |
|---|---|
| Број 09-4626/24 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 26.12.2018 година | Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

1. Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и условите, начинот и постапката за поставување на урбана опрема, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/24
26.12.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 80 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12. 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), а во врска со член 8 став 2 и член 16 од Законот за трговија („Службен весник на РМ" бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), член 12 став 3 и член 41 став 2 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 17/16), член 8 став 3 од Законот за занаетчиство („Службен весник на РМ" бр.215/15), а согласно член 26 став 1 точка 16 од Статутот на општина Прилеп (Сл.гласник на општина прилеп бр. 6//03, 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп, на 22-та седница, одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

1. Општи одредби

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата за поставување на урбана опрема и се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на Општина Прилеп, согласно член 80 став 1 од Законот.

Член 2

Како урбана опрема се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци,согласно член 2 став 4 од Законот.

Член 3

Потребата за поставување на урбана опрема, во смисла на оваа одлука , се смета за утврдена, доколку се исполнети општите и посебните критериуми и стандарди за поставување урбана опрема кои се утврдени во Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп, како и условите, начинот и постапката утврдени во оваа одлука и доколку нивното поставување е во согласност со одредбите на законот и останатите прописи донесени врз основа на закон.

Член 4

(1) Поставување на урбана опрема се врши врз основа на издадено одобрение за поставување на урбана опрема.
(2) Одобрение за поставување на урбана опрема се издава за поставување комунална урбана опрема, монтажно-демонтажна урбана опрема, рекламно-информативна урбана опрема и комерцијално-угостителска урбана опрема.

(3) За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на општинаПрилеп.
(4) Одобрението од став (1) на овој член го издава Градоначалникот на општина Прилеп.

Член 5

(1) Дадената согласност за поставување на урбана опрема во границите на определена јавна површина, на подрачјето на општина Прилеп воедно значи и одобрување за вршење дејност во рамки на таа површина.
(2) Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на дефинирани градежни парцели согласно детален урбанистички план.

Член 6

(1) Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно за време до 24 часа и краткотрајно, за период до 30 дена за монтажно-демонтажна урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани (манифестации, презентации, изложби и сл);
- сезонско, за период од 3 до 12 месеци (трговија на мало и сл);
- годишно, за период до 1 година, за комерцијално-угостителска урбана опрема (угостителство, трговија, градилиште и др.).

(2) Времетраењето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор за комерцијално-угостителска урбана опрема може да биде годишно, за период до 1 година.
(3) По истекот на периодот на важност на одобрението за поставување на урбана опрема, истото не се продолжува.

2. Постапка за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема

Член 7

7.1. Кон барањето за поставување на угостителска урбана опрема на тераси со или без настрешници (поставување на маси и столици пред угостителски објект), полици за роба пред деловен простор , покриени и непокриени шанкови, се приложуваат:

1. Извод од централен регистер за правен субјект;
2. Кога барател е физичко лице кое согласно закон врши угостителска дејност, се доставува копија од лична карта и прецизно наведена дејност што сака да ја врши на бараната локација;
3. Доказ дека се исполнети минималнотехнички услови за вршење на дејноста и други услови пропишани со закон (Решение или друг доказ дека барателот поднел пријава за исполнување на минимално-технички услови за вршење на дејност), освен доколку во својство на барател се јавува физичко лице;
4. Микролокациските услови издадени од општината, во размер 1:1000 , согласно претходното одобрение;
5. Копие од катастарски план, доколку поднесува барање по прв пат;
6. Доказ за платена административна такса;
7. Потврда издадена од Општина Прилеп дека барателот нема неподмирени обврски по основ на неплатени комунални такси;

7.2. Кон барањето за урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, се доставува:

1. Извод од соодветниот регистер каде е регистриран заинтересираниот субјект;
2. Проектна документација;
3. Потврда издадена од Општина Прилеп дека барателот нема неподмирени обврски по основ на неплатени комунални такси;
4. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

7.3. Кон барањето за поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, фонтани и пливачки објекти, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти и опрема за спортско-рекреативни активности, кон барањето се доставува

1. Извод од ДУП ;
2. Основен проект (со статика) изготвен од овластена фирма;
3. Извештај за Ревизија извршен од овластена фирма;
4. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

7.4. Кон барањето за поставување на клупи, чешми, корпи за отпадоци, фонтани, канделабри, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, и останати видови на урбана опрема, која не се однесува на вршење на дејност, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани се доставува:

- Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект, не постар од 6 месеци.
- Елаборат за поставување на урбана опрема со следната содржина:
  - назив и седиште на заинтересираниот субјект;
  - регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорна проектантска куќа и одговорниот проектант;
  - технички опис;
  - извод од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000;
  - детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200);
  - детални цртежи со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200, основи 1:200 или 1:100, пресеци 1:100 или 1:50 и детали 1:50 или 1:25).

Член 8

(1) Надлежниот орган, врз основа на комплетно и основано барање од точка 7.1., и по извршениот увид на лице место, изготвува графички приказ на површината која може да се користи, со утврдени максимални мерки на просторот на кој може да се поставува урбаната опрема и слободната проодна површина, со обезбеден пристап за интервентни возила (пожари, брза помош, полиција).
(2) Доколку општината процени дека има одредени специфични потреби, ќе побара од барателот барањето да го дополни со детален цртеж (ситуација со пошироко опкружување и детали за поставување на опремата) изготвен од овластено правно лице;
(3) Графичкиот прилог е составен дел на одобрението запоставување на урбаната опрема.
(4) Заинтересираниот субјект може да поднесе ново барање за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема 30 дена пред истекот на времетраењето на постојното одобрение.

Член 9

По приемот на барањето, од страна на надлежниот орган во рок од 7 (седум) работни дена се врши увид на лице место од аспект на усогласеноста и основаноста на барањето со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп.

Член 10

(1) Постапката по барањето за поставување урбана опрема ја спроведува надлежен сектор во администрацијата на општина Прилеп.
(2) Доколку барањето е основано, комплетно и е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп, надлежниот орган ја утврдува висината на комуналната такса согласно Законот за комунални такси и Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси и до барателот доставува заклучок за плаќање.
(3) заклучокот од став 1 на овој член се изготвува во рок од 3 работни дена од денот на по извршениот увид , а барателот е должен да изврши уплата во рок од 5 дена од приемот на истиот и да остави доказ за извршена уплата или да склучи Договор за плаќање на надоместокот на рати.
(4) Доколку во рокот од став 2 на овај член, барателот не ја плати комуналната такса и не достави доказ за извршената уплата или не достави Договор за плаќање на надоместокот на рати , ќе се смета дека барателот го повлекол своето барање, за што ќе се постапи согласно Законот за општа управна постапка.

Член 11

По плаќањето на комуналната такса и доставувањето на доказ за извршена уплата од член 10 на оваа одлука (или достава на Договор за плаќање на надоместокот на рати), Градоначалникот на Општина Прилеп издава одобрение за поставување на урбана опрема во рок од 5 дена.

Член 12

Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на пропишан образец согласно Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на одобрението за поставување на урбана опрема (Сл.весник на Р.М. бр.36/10).
Одобрението за поставување на урбана опрема содржи особено:

- назив и седиште на заинтересираниот субјект;
- услови за поставување на урбана опрема, начинот на уредување и користење на површината;
- границите и површината на локацијата, односно на јавната површина на која ќе се постави урбана опрема;
- износот на наплатената комунална такса, согласно Законот за комуналните такси;
- времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема;
- услови за престанок на важењето на одобрението пред истекот на рокот за кој е издадено.

Член 13

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е издадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, утврдено со акти на надлежни инспекции издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања, и тоа од:
  - овластените градежни инспектори на општина Прилеп;
  - комунални инспектори на општина Прилеп, во рамките на нивните законски овластувања, и
  - други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.
- престане важењето на одобрението за вршење на дејност надвор од деловен простор,
- При реализација на планови и програми, како и други надлежности на општина Прилеп, ако има потреба од тоа, согласно член 15 став 2 на оваа одлука.

Член 14

Правото да се постави урбана опрема на јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобрението не може да го пренесе на друго лице.

Член 15

(1) Издаденото одобрение за поставување на урбана опрема надвор од деловен простор не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.
(2) Општина Прилеп го задржува правото при реализација на планови и програми на општината на имателот на одобрението за поставување на урбана опрема и одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор да му наложи дислокација на урбаната опрема или во целост да го одземе одобрението.

3. Надзор

Член 16

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука вршат овластените градежни инспектори на општина Прилеп и комунални инспектори на општина Прилеп, во рамките на нивните законски овластувања, како и другите органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

4. Преодни и завршни одредби

Член 17

(1) Правните лица, трговците поединци и физичките лица што имаат поставено урбана опрема, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

(2) Доколку лицата од став (1) на овој член не го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рокот определен со став (1) на овој член, должни се површината што ја користеле веднаш да ја ослободат од поставената урбана опрема, а во спротивно истата ќе биде отстранета на нивен трошок.

(3) Постапките започнати пред влегување во сила на оваа одлука за кои не е издадено одобрение за поставување на урбана опрема или одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор ќе продолжат согласно одредбите на оваа одлука.

Член 18

При спроведувањето на оваа одлука соодветно ќе се почитуваат и применуваат одредбите за надзор и прекршочни санкции од законите означени во основот на оваа одлука.

Член 19

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана oprema ("Службен гласник на општина Прилеп" број 2/18).

Член 20

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 09-4626/25
26.12.2018 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ**

1. Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/25
26.12.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз снова на чл.36 ст. 1 т.10 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 точка 46 од Статутот на ЕЛС-Општина Прилеп ("Службен гласник" бр.6/2003, бр.4/2005 и 11/2008 год.), а во врска со член 3 став 1 точка 3 од Законот за комунални такси (Сл.Весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси

Се врши измена и дополнување во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси (Сл.гласник на Општина Прилеп бр.25/07, 2/09, 1/10 и 3/18) и тоа:

- Се врши измена во член 2 тарифен број 3 став 1 и тоа:

-износот од 13 денари се заменува со износ од **15 денари**

-износот од 8 денари се заменува со износ од **10 денари**

- Измена и дополнување се врши и во член 2 став 3 и тоа:

Границата на А зоната - Централно градско подрачје, започнува од булеварот „Гоце Делчев"(Маршал Тито), на спојот со улица „Прилепски бранители" (Марксова) и продолжува на север по улица „Прилепски бранители" (Марксова), до вкрсната точка со улица „Мице Козар", потоа продолжува на југо-запад по улица „Мице Козар" се до спојот на улица „Мице Козар со улица „Архиепископ Доситеј" и понатаму оди кон запад по улица „Архиепископ Доситеј„ до спојот со улица „Кузман Јосифоски„, каде продолжува на југ по улица „Кузман Јосифоски„ се до спојот со улица „Кеј 1-ви Мај", од таму продолжува на исток по улица „Кеј 1-ви Мај" се до спојот со улица „Браќа Ламески„ каде што завртува на север по улица „Браќа Ламески" и продолжува се до спојот со булевар „Гоце Делчев" (Маршал Тито), оттаму продолжува по булевар „Гоце Делчев на запад се до спојот со почетната точка.

Сите парцели и објекти од левата и десната страна на границата на овој опис, влегуваат во Централно подрачје.

- После став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

"Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Прилеп".

Број 09-4626/26
26.12.2018 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСЛОВИ И НАЧИН НА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА НЕДВИЖЕН ИМОТ КОЈ СЕ НАОЃА НА КП 15641 СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛС-ОПШТИНА ПРИЛЕП, ВО ПОСТАПКА СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

1. Одлуката за определување услови и начин на давање под закуп на недвижен имот кој се наоѓа на КП 15641 сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, во постапка со електронско јавно наддавање, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/26
26.12.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 т.33 и член 95 Од Статутот на ЕЛС-Општина Прилеп ("Службен гласник" бр.6/2003, бр.4/2005 и 11/2008 год.), и врз основа на член 30 и 32-а од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.14/2009, 12/2015 и 11/2018), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување услови и начин на давање под закуп на недвижен имот кој се наоѓа на КП 15641 сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, во постапка со електронско јавно наддавање

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат условите и начинот на давање под закуп на недвижен имот сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, во постапка со електронско јавно наддавање.

Член 2

Како недвижен имот сопственост ЕЛС-Општина Прилеп, кој ќе се дава под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, се определува следниот:

Недвижен имот заведен во Имотен Лист бр.33676 издаден од Агенција за катастар на недвижности, кој имот се наоѓа на КП бр. 15641, К.О. Прилеп сопственост на ЕЛС Општина Прилеп. Недвижниот имот се наоѓа на адреса ул.Козара. Во имотен лист објектот е опишан како: недвижен имот-месни заедници, број на зграда 1, кат-приземје со внатрешна површина на објектот од 460 м2. Вкупната површина на земјиштето како земјиште под објект изнесува 511м2.

Член 3

Недвижниот имот опишан во член 2 од оваа одлука се дава под закуп за определен временски период од 4 (четири) години.

Член 4

Висината на почетна цена за месечна закупнина изнесува 599,00 ЕВРА пресметано во денарска противредност, според средниот курс на еврото утврден од страна на НБРМ. Пазарната вредност на објектот кој се дава под закуп согласно Извештајот за извршена проценка бр.14-145 од 09.07.2018 година од страна на овластен проценител при Одделението за администрирање приходи на ЕЛС Општина Прилеп изнесува 119.769,00 ЕВРА, односно изразено во денарска противредност износ од 7.365.794,00 денари.

Член 5

Спроведувањето на постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа одлука, ќе се врши со електронско јавно наддавање, а согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, давање и примање на подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 14/2009, 12/2015 и 11/2018), како и согласно оваа одлука.

Член 6

Се задолжува Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од Градоначалникот да ја спроведе постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа одлука, а согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, давање и примање на подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 14/2009, 12/2015 и 11/2018), како и согласно оваа одлука.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник.

Член 8

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, Комисијата за недвижни и движни ствари и архивата на Општина Прилеп.

| | |
|---|---|
| Број 09-4626/27 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 26.12.2018 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСЛОВИ И НАЧИН НА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА НЕДВИЖЕН ИМОТ КОЈ СЕ НАОЃА НА КП 15625/1 СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛС-ОПШТИНА ПРИЛЕП, ВО ПОСТАПКА СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

1. Одлуката за определување услови и начин на давање под закуп на недвижен имот кој се наоѓа на КП 15625/1 сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, во постапка со електронско јавно наддавање, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-4628/27 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 26.12.2018 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 т.33 и член 95 Од Статутот на ЕЛС-Општина Прилеп ("Службен гласник" бр.6/2003, бр.4/2005 и 11/2008 год.), и врз основа на член 30 и 32-а од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.14/2009, 12/2015 и 11/2018), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за определување услови и начин на давање под закуп на недвижен имот кој се наоѓа на КП 15625/1 сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, во постапка со електронско јавно наддавање

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат условите и начинот на давање под закуп на недвижен имот сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, во постапка со електронско јавно наддавање.

Член 2

Како недвижен имот сопственост ЕЛС-Општина Прилеп, кој ќе се дава под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, се определува следниот:

Недвижен имот заведен во Имотен Лист бр.61643 издаден од Агенција за катастар на недвижности. Недвижниот имот се наоѓа на адреса ул.Александар Македонски, на КП бр.15625/1. Имотот е сопственост на ЕЛС Општина Прилеп и во Имотен лист е опишан како: деловен простор - број на зграда 1, намена Б6-1, влез 1, кат ПР, бр.1 во површина од 124 м2.

Член 3

Недвижниот имот опишан во член 2 од оваа одлука се дава под закуп за определен временски период од 4 (четири) години.

Член 4

Висината на почетна цена за месечна закупнина изнесува 616,00 ЕВРА пресметано во денарска противредност, според средниот курс на еврото утврден од страна на НБРМ. Вкупната вредност на објектот кој се дава под закуп согласно Извештајот за извршена проценка бр.14-194 од 03.10.2018 година од страна на овластен проценител при Одделението за администрирање приходи на ЕЛС Општина Прилеп изнесува 123.184,00 ЕВРА или изразено во денарска противредност - 7.575.836,00 денари.

Член 5

Спроведувањето на постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа одлука, ќе се врши со електронско јавно наддавање, а согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Правилникот за условите, начинот и

постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, давање и примање на подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 14/2009, 12/2015 и 11/2018), како и согласно оваа одлука.

Член 6

Се задолжува Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од Градоначалникот да ја спроведе постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа одлука, а согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп, давање и примање на подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 14/2009, 12/2015 и 11/2018), како и согласно оваа одлука.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник.

Член 8

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, Комисијата за недвижни и движни ствари и архивата на Општина Прилеп.

| | |
|---|---|
| Број 09-4626/28 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 26.12.2018 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИОТ ОБЈЕКТ НА КП БР.398-КО ПРИЛЕП, НА БАРАЊЕ ОД БОЈОВСКИ ЗОРАН**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.398-КО Прилеп, на барање од Бојовски Зоран, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-4628/28 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 26.12.2018 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.398-КО Прилеп, на барање од Бојовски Зоран

член 1

Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.398-КО Прилеп.

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

| | |
|---|---|
| Број 09-4626/29 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 26.12.2018 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИОТ ОБЈЕКТ НА КП БР.1391/2-КО СЕЛЦЕ, НА БАРАЊЕ ОД КУЛЕСКИ ДРАГАН**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.1391/2-КО Селце, на барање од Кулески Драган, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.1391/2-КО Селце, на барање од Кулески Драган

член 1
Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.1391/2-КО Селце.

член 2
Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-4626/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2018 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИОТ ОБЈЕКТ НА КП БР.2940/1-КО ОРЕОВЕЦ, НА БАРАЊЕ ОД МАКЕШОСКИ КОСТАДИН**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.2940/1-КО Ореовец, на барање од Макешоски Костадин, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.2940/1-КО Ореовец, на барање од Макешоски Костадин

член 1
Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.2940/1-КО Ореовец.

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-4626/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2018 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИОТ ОБЈЕКТ НА КП БР.2676-КО ПРИЛЕП, НА БАРАЊЕ ОД НЕДЕСКА ЛЕНКА**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.2676-КО Прилеп, на барање од Недеска Ленка, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.2676-КО Прилеп, на барање од Недеска Ленка

член 1

Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.2676-КО Прилеп.

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-4626/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2018 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИОТ ОБЈЕКТ НА КП БР.5/12-КО ЛЕНИШТЕ, НА БАРАЊЕ ОД ЏЕКОВ МИТРЕ**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.5/12-КО Лениште, на барање од Џеков Митре, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина

Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.5/12-КО Лениште, на барање од Џеков Митре

член 1

Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.5/12-КО Лениште.

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-4626/33
26.12.2018 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО СОГЛАСНО ГУП, НА ОБЈЕКТ БР. 1 НА КП БР.23403/3-КО ПРИЛЕП, ОД ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА ВО ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, НА БАРАЊЕ ОД ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА АД - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно ГУП, на објект бр. 1 на КП бр.23403/3-КО Прилеп, од површина наменета за зеленило и рекреација во лесна и незагадувачка индустрија, на барање од Прилепска Пиварница АД - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/33
26.12.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно ГУП, на објект бр. 1 на КП бр.23403/3-КО Прилеп, од површина наменета за зеленило и рекреација во лесна и незагадувачка индустрија, на барање од Прилепска Пиварница АД - Прилеп

член 1

Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно ГУП, на објект бр. 1 на КП бр.23403/3-КО Прилеп, од површина наменета за зеленило и рекреација во лесна и незагадувачка индустрија.

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-4626/34
26.12.2018 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

1. Одлуката за утврдување на намената на недвижен имот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/34 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12..2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување намената на недвижен имот

член 1

Се утврдува дека објектот бр.2, со шифра В2-10 (други објекти за здравство и социјална заштита) на КП бр.18664/1-КО Прилеп, ИЛ. Бр.63709, ќе има намена за дневен центар за лица со церебрална парализа.

член 2

Одлуката да се достави до Министерство за труд и социјална полити, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесување, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-4626/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2018 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Програмата за уредување на градежно земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп за 2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4628/35 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште(,,Сл. весник на РМ,, бр. 15/15,44/15, 98/15 и 193/15, 30/16 , 31/16, 142/16 и 190/16 ), чл. 36, с.1, т. 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, 5/02) и чл. 26. т.8 од Статутот на општина Прилеп (,,Сл.гласник на општина Прилеп,,бр.6/03,4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

Оваа Програма содржи:

1. Простор кој е предмет на уредувањето;
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3. Обем и степен на опременост на градежно земјиште со основна и секундарна инфраструктура;
4. Приходи за финансирање на Програмата;
5. Расходен дел на Програмата
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктура;
8. Преодни и завршни одредби.

**1.Простор кој е предмет на уредувањето**

Како простор што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Прилеп, утврдено со урбанистичките планови дефинирани во член 7, 46, 119, 120, 121, 122 и 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14,44/15,193/15,31/16, 163/16, 64/18, 168/18).

**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Утврдување на обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изработка и донесување на урбанистички планови,
- Обезбедување на геодетска подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3. Обем и степен на опременост на градежно земјиште со објекти од основната и секундарната инфраструктура**

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременоста на земјиштето со објекти и инсталации од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуална комуналната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Комуналните приклучоците на објектот до приклучните местана примарната и секундарната мрежа(до границата на градежната парцела), паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост.

Доколку постојат претходно изградени комунални инсталации во склоп на градежната парцела, и е потребно нивно дислоцирање или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

3.1. Степенот на уреденост на градежното земјиште надвор од градежна парцела, кој може да биде **ОСНОВЕН, ПОВИСОК** и **ПОНИЗОК**, се дефинира како следи:

**ОСНОВЕН СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето:**

**-**Непречени пристапи од улицата до границите на градежната парцела, тротоари, пешачки патеки

- Атмосферска канализација;
- Фекална канализација;
- Водоводна мрежа ;
- Улично осветлување;
- Подземна електрична мрежа

**ПОВИСОК СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето**

Ги опфаќа објектите од основниот степен, и содржи уште:

- Сообраќајни патеки за заштита од пожар, пристапни патишта за возила, паркинг-простори,
- ПТТ (оптичка -телекомуникациска ) мрежа
- Пречистителна станица за отпадни води

**-**Гасоводна мрежа

**ПОНИЗОК СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето**

- Непречен пристап до градежна парцела
- Сопствено водоснабдување

- Сопствено прифаќање на отпадни води(пречистителна станица)
- Нестандардно улично осветлување

Пресметката на надоместокот ќе се утврдува согласно констатиран степен на уредување на земјиштето, при увид на предметната локација.

Во случај да инвеститорот сам, на свој трошок го уреди градежното земјиште со комунална инфраструктура, притоа не плаќа

надоместок, а изградените објекти и инсталации се потврдуваат преку постапката за издавање на одобрение за градење, и конечно се предаваат во владение на општината.

**4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА - ПРИХОДИ**

Средствата за финансирање на програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2019 година се во согласност со Буџетот на општина Прилеп за 2019 г.

**РАСХОДЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

**ЕАО- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

**Изработка на проекти за високоградба и други проекти и ревизии**

- Основен проект за спортска сала во ООУ ,,Блаже Конески“
-Основен проект за спортска сала во ООУ ,,Кире Гаврилоски“
- Основен проект за спортска сала во с.Канатларци
- Основен проект за базени за рекреација и рехаб. –Точила
-Основен проект за театар
-Основен проект за детска градинка –Точила
-Од УПВНМ за КО Дабница:
  - основен проект за велосипедска патека
  - основен проект за паркинг
  - основен проект за урбана опрема
  - основен проект за отворени спортески игралишта
  - основен проект за пешачки патеки

---

**Вкупно ЕА0 = 6.245.000,оо ден.**

**GD0 ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

- Подготвување на проекти, вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката

**(Проектна документација за гасификација на град Прилеп)**

**Вкупно GD0 4.000.000,оо ден**

**F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

**1. Изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко проектна документација :**

**- Детални урбанистички планови:** за Четврт 8 УБ 8.1, четврт 2 УБ 2.13 ,четврт 12 УБ 12.4 и УБ 12.3, четврт 6 УБ 6.1, четврт 7 УБ 7.2 , 7.4 , 7.7 , 11.3 ,четврт 3 УБ 3.12 ...................................... **5 000 000 ден.**

-Оревоец и Крстец ................................................................................................................ **251 000 ден.**

**- Регулациски планови за четврт 3, четврт4 , четврт 5 и четврт 12 ....................... 3 500 000 ден.**

**2. Изработка на проекти за инфраструктура за:**

-Општински пат (А1-Оревоец) дел-900 м
- Општински пат (А1- Р 1312 ) –дел-4400 м
- Индустриска зона ,,Прилеп 2“ во УЕ 8 УБ 8.2 плански опфат 1-сточно пазариште,
(кејски зидови и минор корито-делови)
- Улица ,,Целе Мавроски“-дел - 350 м
- Улица ,,Кеј 1ви Мај“ –дел - 650 м.
- Индустриска зона УЕ 1, УБ1.1-дел –
- Улица ,,Победа“-дел, со мостот 400

-Општински пат -Л 6001955 22 ( Р 2338 до Полчиште)

**Вкупно: 390 000 ден.**

**3. Изработка на ревизии на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација.**

- ДУП
- проекти за инфраструктура
- регулациски планови
- основен проект за велосипедска патека
- основни проекти

**Вкупно: 1 200 000 ден.**

**4. Изработка на документација животната средина - елаборати и студии за оценка на влијание врз животната средина .............................................................................................................. 200 000 ден.**

**- Геомеханички елаборати ( театар, базени и градинка) ............................................. 650 000 ден.**

**5. Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски елаборати за посебна намена и други геодетски услуги ............................ 3 709 000 ден.**

---

**Севкупно F 10 14.900.000,оо ден.**

**FАО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

- Изработка на проектна документација ..................................................................... 600.000.оо ден
- Изградба на капацитети во енергетиката ............................................................. 1.200.000.оо ден
- Изградба на додоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација .10.000.000.оо ден

**Вкупно FАО 11.800.000.оо ден**

**J00 ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

Одржување на јавни површини, урбана опрема,огради .................................................... 600.000.оо ден

Клупи, канделабри, корпи за отпад и друго ......................................................................... 900.000.ооден

**Вкупно J00 1.500.000.оо ден**

**J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

1. Потрошена електрична енергија .................................................................................... 18.000.000,оо ден.
2. Ситен инвентар,алат и др. материјали за одржување ................................................ 5.000.000,оо ден.
3. Поправки и одржување на опремата ............................................................................ 4.000.000,оо ден.

**Вкупно J30 27.000.000,оо ден.**

**J40 ЈАВНА ЧИСТОТА**

- Одржување на други зелени површини ....................................................................... **12.100.000,оо ден.**

**J60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ**

1. Зимско одржување ........................................................................................... 15.400. 000,оо ден

2. Вертикална сигнализација ........................................................................................ 2.600.000,оо ден

3. Хоризонтална сигнализациј ....................................................................................... 4.400.000,оо ден

4. Улични табли и броеви за објекти ............................................................................ 1.000.000,оо ден

**Вкупно Ј60 23.400.000,оо ден.**

**Ј7О ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- Субвенции за ЈП Комуналец ........................................................................................ **30.000.000,оо ден.**

**Ј80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

1. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација ........................................................ 2.400.000.оо ден
2. Чистење на речни корита и канали ........................................................................ 3.000.000.оо ден
3. Услуги за одводнување – такса кон ЈП Водостопанство на РМ ............................ 1.400.000.оо ден
4. Испитување на квалитет на води и воздух ............................................................... 100.000.оо ден
5. Рушење на објекти и дислоцирање на постоечка инфраструктура ................... 1.000.000.оо ден

**Вкупно Ј80 7.900.000,оо ден.**

**ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**1.- Изработка на Проектна документација за линиска инфраструктура и ревизија од областа на јавното осветлување**

- **за следниве локации:**

-ул.,, Кеј 9ти септември ,, дел.........................................................................................300 метри,
- ул.,, Горан Миноски ,, дел...........................................................................................200 метри;
- ул.,,Дебарца,, дел.........................................................................................................400 метри;
-ул.,, Бранко Секулоски Белата ,, дел.............................................................................. 500 метри;
-ул.,, Кеј 19 ти Септември ,, дел....................................................................................... 500 метри;
-ул.,, Љубе Груевски ,, дел...............................................................................................250 метри;
- ул.,, Максим Горки ,, дел.............................................................................................. 250 метри;
-ул.,, Преспанска ,, дел...................................................................................................200 метри;
-ул.,, Архимедова ,, дел.................................................................................................. 150 метри;
-ул.,, 5та Прилепска ,, (парковска површина околу згради ) дел.................................... 150 метри;
-ул.,,Васко Карангелески ,, ( парковска површина околу згради ) дел............................. 100 метри;
-ул.,,Александар Македонски ,, крак...............................................................................100 метри;
-ул.,,Кеј 1ви Мај ,, дел.................................................................................. 250 метри и дел 650 метри;
-ул.,, Браќа Миладиновци ,, дел...................................................................................... 150 метри;
